# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на 101 седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари 2002 г.

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Илијаз Халими потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа по 101 -та седница на Собранието на РМ,

Пратеникот Слободан Ќосев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Продолжуваме со работа по Информацијата за случаите на потребна насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид.

Претресот е заклучен.

Пред да ги ставам на гласање заклучоците поднесени од координаторот на Пратеничката група на СДСМ Никола Поповски, ги молам службите да проверат дали имаме доволен број на присутни пратеници во салата

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Констатирам дека имаме доволен број на присутни пратеници во салата и можеме да продолжиме со работа.

За збор се јави г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, јас прво да бидам искрен до крај, навистина немав можност да се вклучам во расправата за Информацијата за настаните во Прилеп, Неготино, Теарци и Охрид, заради објективни причини.А моите информации кажуваат дека веќе е завршена дури и расправата во врска со заклучоците предложени од Пратеничката група на СДСМ. Така што деловнички гледам дека не можам да интервенира ниту со амандман, ниту со нов Предлог заклучок. Ќе го искористам делов ничкото право да кажам како ќе гласам во врска со овие заклучоци, односно во врска со заклучоците излезени од самата Информација.

По правило и во принцип секогаш ќе гласам ако констатирам дека во секојдневието има насилство. Дали се тие политички мотиви и други побуди, дали се тие од групации, организирани од насилници, дали се тоа од Министерството за внатрешни работи, полиција, одредени полицајци, група полицајци, структура од полиција итн. Ако веќе констатирам и во информацијата и во заклучоците дека такво нешто има, тогаш мислам дека принципиелно би било добро да се гласа против таквите појави, прот таквите инциденти, против таквите настани. Но, јас исто така, би ги искористил овие минути да кажам дека вакви насилнички појави имаше и во Скопје, и во Куманово нешто слични како што беа и во Неготино. Значи, вие веројатно знаете дека во предворјето на гимназијата Зеф Љуш Марку, односно дел од гимназијата на Зеф Љуш Марку исто така тепани се ученици малтретирани се ученици од такви организирани групи, маскирани и немаскирани, дури и припадници на полицијата со некаква полициска униформа. Тоа значи дека такво насилство има насекаде во Република Македонија и мислам дека ние како пратеници понатаму треба свесно и со нашата совест и нашата задача на крајот на краиштата да направиме нешто да ја задолжиме Владата и со вакви заклучоци да се преземат најостри мерки и да се расветлат ваквите случаи. Исто така, вакви случаи имавме и во Куманово исто во предворјето на гимназијата Гоце Делчев, Тепани се и ученици и професор кој дури беше над него интервенирано, значи беше на болничко лекување, а тоа значи дека исто така и таму биле оргaнмизирани групи со одредени мотиви, дали се тоа политички и други побуди, но такво нешто ни се случува. И ден денес ние во Куманово проблемот со учениците Албанци не можеме да го решиме токму затоа што вакви насилници се по-јавуват во предворјето на училиштата, односно во предворјето на гимназијата Гоце Делчев. Кога е така тогаш овие заклучоци кои се предложени без раз лика што во овој случај не се спомнува и Куманово и Скопје. Едно е сигурно дека дел од заклучоците, односно дел од заклучоците добр го лоцираат и проблемот како и каде е настанат, а исто така добро се лоцира и проблемот што значи одговорност, кои се одговорни, кој дел од Владата, кои министерства итн. Ако е така, јас како пратеник во полна совест и одговорност кога се работи за вакви насилства, слични насилства ќе гласам за ваквите заклучоци само затоа што сакам и јас да го дадам мојот придонес како пратеник гласно да размислувам, гласно да кажувам дека ние треба да се бориме со сите средства

институционални кои ги имаме и можности кои ги имаме против насилството кога е од ваков вид посебно кога се напаѓаат ученици од училиштата, затоа што тоа дури е и уште поболно затоа што тие ученици ги праќаат родителите на училиште, а никогаш значи не можат да бифат сигурни дали ќе им се врататз дома, како ке им се вратат дома. Затоа јас мислам дека имам право во тоа што кажувам дека дури барам на еден начин истомисленици и мои колеги прате-ници да гласаат за вакви заклучоци каде што на еден начин се осудува насилството без разлика каде се случува, како се случува, но, насил-ството е насилство.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас би сакал да кажам како ќе гласам. Јас ќе гласам, воздржано од една единствена причина. Ние воведуваме некој принцип во државата каде што учениците треба да одлучуваат за многу работи. Тоа прво почна во западниот дел на Македонија, се сеќаваме на оние времиња за труењата каде што децата се употребуваат во политички цели, па сега се случува и во Куманово, треба децата да кажат дали ќе учат во иста зграда или нема да учат во иста зграда, па се случува сега во Неготино каде што тие одлучуваат кој ќе биде директор. Мислам дека треба сите политички партии да застанат од една страна за да им кажат на децата да седат во училниците, а дека постојат институции кои тоа го решаваат во државата. Ние во времето кога учевме во средно училиште имавме форми како што ги видовме, а знам дека и сега учениците имаат форми легално како ќе делуваат во институциите. Имаме многу посериозни работи во државата, навистина имаме тероризам, а за него долго време излегувавме да дискутираме во парламентот и по иницијатива и на предлагачот на овие заклучоци. Имаме случаи каде што пратеници во своите реони незнаеја дека им се копаат ровови и утврдувања, па не дискутиравме за тоа. Тоа е исто како кај мене сега во Мичурин да се копаат ровови и утврдувања, а јас да незнам. И се преку тоа преминувавме и сега наеднаш да ни дојдат случувањат што ги прават учениците каде што навистина од една страна имаме инволвирање на политички партии и мислам дека во заклучоците треба да се наведе дека сите политички партии и од опозиција и од позиција не треба да се мешаат во работите на учениците.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за да се произнесе како ќе гласа, тогаш предлогот на заклучоците поднесен од координаторот на Пратеничката група на СДСМ Никола Поповски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 22 пратеници, 7 пратеници гласале воздржано, 37 пратеници гласале против.

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,20 часот).